Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Кочани го издава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека се организира **повторна јавна презентација и јавна анкета по** Детален урбанистички план за градска четврт 6 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, плански период 2017-2022 предлог план со Технички број 0801-465/17 од септември 2022, со површина 124,80 ха, изработен од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.

Просторот дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план за Градска Четврт 6, од ГУП за град Кочани**, **Општина Кочани,** се наоѓа во централниот дел од град Кочани, согласно ГУП за град Кочани.

Границите на планскиот опфат се следните:

**Од Север:** По граница на ГУП на Град Кочани;

**Од Исток:** По осовина на регулирано речно корито на река „Кочанска";

**Од Југ:** По осовина на ул. „Стево Теодосиевски";

**Од Запад:** По осовина на ул. „Страшо Ербапче",

**ПОВТРОНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по**

Детален урбанистички план за градска четврт 6 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, плански период 2017-2022 предлог план**,** ќе се одржи на ден **04.10.2022г. со почеток во 11$^{00}$** часот во салата на Мултикултурен центар - Кочани.

**ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА по**

Детален урбанистички план за градска четврт 6 од ГУП за град Кочани Општина Кочани плански период 2017-2022 предлог план ќе трае 5 работни дена , а ќе се спроведе во периодот од **03.10.2022 год.** до **07.10.2022год**. во кој рок заинтересираните физички и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки и предлози на **анкетни листови ,** во писмена форма, кои можат да ги подигнат во архивата во општинската зграда, од веб страната на Општина Кочани, или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Во прилог на анкетните листови да се достави копија од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од деталниот урбанистички план ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на зградата на Општина Кочани , на веб страната на општината www.kocani.gov.mk, а подетални информации во врска со урбанистичкиот план ќе можат да се добијат во одделението за урбанизам и заштита на животна средина кое се наоѓа на 1кат во општинската зграда.

**Бр.22-1644/175**
**26.09.2022 год**.

Изработил: Ружица Минова

Контролирал / Одобрил: Дивна Цековска

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**Градоначалник**
**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ